# СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 136 Год. LXIV Четврток, 30 октомври 2008 Цена на овој број е 190 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2671. | **Закон** за изменување и дополнување на Изборниот законик.......................... | 2 |
| 2672. | **Одлука** за испраќање на единица на Армијата на Република Македонија-медицински тим за учество во мировната операција на Европската унија во Босна и Херцеговина ЕУФОР, АЛТЕА | 20 |
| 2673. | **Одлука** за објавување јавен конкурс за избор на заменик на директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци............................................... | 20 |
| 2674. | **Правилник** за формата и содржината на образецот на изјавата за согласност, како и на изјавата за одбивање на определена медицинска интервенција | 21 |
| 2675. | **Правилник** за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик.. | 24 |
| 2676. | **Правилник** за формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примени известувања за деца и малолетници во ризик.................................. | 32 |
| 2677. | **Исправка** на Правилникот за висината на надоместокот, начинот на издавање, одземање и продолжување на лиценци за надзор над изградбата, формата и содржината на образецот на лиценците и начинот на водење на регистарот на издадени лиценци за надзор над изградбата.......................... | 34 |
| 2678. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 34 |
| 2679. | **Решение** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 34 |
| 2680. | **Заклучок** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 34 |
| 2681. | **Заклучок** од Комисијата за хартии од вредност................................................ | 35 |
| 2682. | **Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности.. | 35 |
| 2683. | **Одлука** за престанување на важење на Одлуката за одобрување на тарифни ставови за снабдување со електрична енергија и моќност на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа........................... | 35 |
| 2684. | **Исправка** на Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и цена за дејностите дистрибуција и управување со системот за дистрибуција и снабдување со електрична енергија за 2008 година и просечна цена на електрична енергија по која ЕВН ќе ги снабдува тарифните потрошувачи на мало за период од 01 ноември до 31 декември 2008 година | 35 |
| 2685. | **Правилник** за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата.......... | 35 |
| 2686. | **Програма** за полагање стручен испит за стекнување со сертификат за раководење со туристичка агенција........... | 39 |
| | **Огласен дел**.......................................... | 1-40 |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2671.**

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

### У К А З ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Изборниот законик,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 29 октомври 2008 година.

Бр. 07-4743/1
29 октомври 2008 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

### З А К О Н ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ИЗБОРНИОТ ЗАКОНИК

Член 1

Во Изборниот законик (“Службен весник на Република Македонија” број 40/2006), во членот 2 по точката 15 се додаваат две нови точки 16 и 17, кои гласат:

„16. „Дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија” се претставништва на Република Македонија во други држави и во меѓународни организации кои вршат работи утврдени со закон;

17. „Државјани на Република Македонија на привремена работа или престој во странство”, во смисла на овој закон, се државјани на Република Македонија кои имаат пријавено последно живеалиште во Република Македонија, а на денот на изборите привремено престојуваат во странство во време од три месеца до една година или се на привремена работа или престој во странство повеќе од една година согласно со евиденцијата од надлежен орган;”.

Точките 16 и 17 стануваат точки 18 и 19.

Член 2

Во членот 4 ставовите (1) и (2) се менуваат и гласат:

„(1) Избор на претседател на Републиката се врши на територијата на Република Македонија и во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија, како една изборна единица според мнозинскиот модел.

(2) Во Собранието на Република Македонија се избираат 123 пратеници, од кои 120 пратеници се избираат според пропорционалниот модел, при што територијата на Република Македонија е поделена на шест изборни единици утврдени со овој законик и во секоја се избираат по 20 пратеници и тројца пратеници се избираат според пропорционалниот модел и тоа по еден пратеник од три изборни единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија утврдени со овој законик.”

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во изборните единици бројот на избирачите може да отстапува најмногу од минус 5% до плус 5% во однос на просечниот број на избирачи во изборната единица по исклучок во изборните единици во Европа и Африка, во Северна и Јужна Америка и во Австралија и Азија.”

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Член 3

Во членот 6 се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Државјаните на Република Македонија кои на денот на изборите се на привремена работа или престој во странство, а се запишани во Избирачкиот список врз основа на евиденцијата од надлежниот орган и пријава за гласање, гласаат за избор на претседател на Републиката и за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија во странство, во согласност со одредбите на овој законик.”

Член 4

Во членот 7 став (2) алинејата 4 се менува и гласи:

„- не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеца“.

Член 5

Во членот 12 став (2) по зборовите: “Државната изборна комисија” се става запирка и се додаваат зборовите: ”Министерството за надворешни работи”.

Член 6

Во членот 15 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Мандатот на пратениците трае од денот на неговото верификување до денот на верификувањето на мандатот на новоизбраните пратеници, но не подолго од четири години.”

Член 7

Во членот 16 став (1) зборовите: “во денот недела во првата седмица“ се заменуваат со зборовите: “во втората половина“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Предвремени избори за членови на совет и за градоначалник се распишуваат и одржуваат според одредбите на овој законик, а по исполнување на условите за престанок на мандатот утврдени со Законот за локалната самоуправа.”

Член 8

Во членот 17 алинеја 2 по зборовите: “комисии и” се додаваат зборовите: „Изборната комисија на градот Скопје”.

Во алинејата 3 по зборот „одбори” точката се брише, се додава сврзникот „и” и се додава нова алинеја 4, која гласи:

„- избирачките одбори за гласање во дипломатско-конзуларните претставништва на Република Македонија (во натамошниот текст: ДКП)”.

Член 9

Во членот 18 став (2) алинеја 2 по зборовите: “Министерството за правда” се додаваат зборовите: „Секретаријатот за законодавство”.

Член 10

Во членот 22 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Овластениот претставник на подносителот на листата има право на седница на изборен орган да побара и да изврши целосен увид во целокупната документација на изборниот орган.“

Член 11

Во членот 25 став (1) по зборот „единици” се додаваат зборовите: “како и општините и градот Скопје”.

Член 12

Во членот 26 став (3) зборовите: ”со мандат од 5 години” се бришат.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Претседателот и членовите на Државната изборна комисија се избираат во рок од 60 дена од денот на одржувањето на конститутивната седница на Собранието на Република Македонија за време од четири години.”

Ставовите (4), (5) и (6) стануваат ставови (5), (6) и (7).

Член 13

Во членот 27 ставот (4) се менува и гласи:

„Од кандидатите на предлогот на листата политичките партии во опозиција предлагаат претседател и двајца членови на Државната изборна комисија, а партиите на власт предлагаат заменик претседател и тројца членови на Државната изборна комисија.”

Член 14

Во членот 29 став (1) по зборот “претседател“ се додаваат зборовите: “и двајца членови“, а по зборовите: “заменик на претседателот“ се додаваат зборовите: “и тројца членови“.

Член 15

Во членот 31 став (2) точка 1 по зборот „комисии” точката и запирката се бришат и се додаваат зборовите: „и Изборната комисија на градот Скопје”.

Точката 29 се брише.

Точката 30 која станува точка 29 се менува и гласи:

„29) врши евиденција на избирачкото право и се грижи за заштитата на личните податоци на граѓаните содржани во Избирачкиот список;“.

Точките 31, 32, 33, 34, 35, 36 и 37 стануваат точки 30, 31, 32, 33, 34, 35 и 36.

По точката 37 која станува точка 36 се додаваат шест нови точки 37, 38 , 39, 40, 41 и 42, кои гласат:

„37) донесува упатство за решавање по приговори и жалби;

38) го следи започнувањето и завршувањето на изборната кампања и презема мерки предвидени со овој законик;

39) го пропишува образецот за евиденција и пријава за гласање во ДКП;

40) ги формира избирачките одбори за гласање во ДКП;

41) го предава и го прима изборниот материјал на и од избирачките одбори за гласање во ДКП, преку Министерството за надворешни работи;

42) ги сумира и утврдува резултатите од гласањето за листите на кандидати за избор на тројца пратеници од изборните единици за Европа и Африка, за Северна и Јужна Америка и за Австралија и Азија;“.

Точките 38 и 39 стануваат точки 43 и 44.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Државната изборна комисија покренува иницијатива за дисциплинска постапка, поведува прекршочна постапка, или поднесува кривична пријава до надлежниот орган, при постоење на основи на сомнение дека е сторена повреда на одредбите на овој законик.”

Член 16

Во насловот пред членот 37 и во ставовите (1) и (2) на членот 37 по зборовите: “општинската изборна комисија “ се додаваат зборовите: “и Изборната комисија на градот Скопје“.

Во ставот (2) точка 15 по зборовите: „приемот на изборниот материјал од избирачките одбори” се додаваат зборовите: „ и сумирање на резултатите”.

По точката 15 се додава нова точка 16, која гласи:

„16) одлучува по приговори во согласност со овој законик;“.

Точката 16 станува точка 17.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) При спроведување на локалните избори, Изборната комисија на градот Скопје ги врши надлежностите утврдени во ставот (2) на овој член, освен надлежностите утврдени во точките 1, 2, 3, 5, 10, 11, 12 и 14.“

Во ставот (3) кој станува став (4) по зборовите: “општинската изборна комисија“ се додаваат зборовите: “и Изборната комисија на градот Скопје“.

Член 17

Во членот 38 ставот (3) се менува и гласи:

„Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, по случаен избор за време од четири години.”

По ставот (3) се додаваат четири нови ставови (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

(5) Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

(6) Политичките партии од ставовите (4) и (5) на овој член предлозите за членови на избирачки одбори и нивните заменици ги доставуваат до општинската изборна комисија во рок од пет дена од денот на добивањето на известување од општинската изборна комисија.

(7) Ако политичките партии не го достават предлогот во рокот утврден во ставот (6) од овој член именувањето на членовите го врши општинската изборна комисија во согласност со ставот (3) на овој член.“

Член 18

Во членот 40 по ставот (5) се додава нов став (6), кој гласи:

„(6) Избирачките одбори за гласање во ДКП ги извршуваат работите согласно со надлежностите утврдени во овој член.“

Член 19

Во членот 41 став (1) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

Во ставот (5) точката на крајот се брише, се става запирка и се додаваат зборовите: „и пријава за гласање дадена во ДКП“.

Член 20

Во членот 42 ставови (1) и (2) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „ Државната изборна комисија“.

Член 21

Во членот 43 ставови (1) и (2) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: “Државната изборна комисија”.

Член 22

Во членот 44 ставови (1) и (2) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „ Државната изборна комисија“.

Член 23

Во членот 45 став (2) на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: ”а кои не доставиле пријава за гласање во ДКП“.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а доставиле пријава за гласање во ДКП, не се запишуваат во изводите од Избирачкиот список на кои се гласа во Република Македонија.”

Член 24

Во членот 46 по зборовите: „на гласањето во” се додаваат зборовите: „ДКП во” и нова алинеја 1, која гласи:

„- за гласање на граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство, а врз основа на пријава за гласање,”.

Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.

Член 25

Во членот 47 се додава нова алинеја 1, која гласи:

„- за граѓаните кои за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство едниот примерок е систематизиран според избирачкото место и изборната единица и во забелешка стои земјата во која граѓанинот е на привремена работа или престој во странство и местото на ДКП, а вториот примерок е систематизиран според земјата во која граѓаните се на привремена работа или престој во странство, местото на ДКП и во забелешка стои бројот на избирачкото место и изборната единица.”.

Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.

Член 26

Во членот 48 ставови (1), (2) и (3) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Во ставовите (6) и (8) кои стануваат ставови (4) и (6) зборовите: “Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: “Управниот суд”.

Во ставот (7) кој станува став (5) бројот “(6)“ се заменува со бројот “(4)“, а зборовите: “Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: “Управниот суд”.

Член 27

Во членот 49 став (1) зборовите: „Министерството за правда “ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија”, бројот „15” се заменува со бројот „10”, а зборовите: „во нивен состав” се бришат.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи ги доставува до ДКП посебните изводи од Избирачкиот список за лицата на привремена работа или престој во странство врз основа на евиденцијата од надлежен орган, за ставање на јавен увид. “

Во ставот (2) кој станува став (3) зборовите: „Министерството за правда “ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија”, а по зборот „увидот” се додаваат зборовите: „начините преку кои се врши увидот“.

Ставот (3) станува став (4).

Член 28

Во членот 50 став (1) бројот „(3)“ во заградата се заменува со бројот „(4)“.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за правда” се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија”.

По ставот (3) се додаваат четири нови става (4), (5), (6) и (7), кои гласат:

„(4) Министерството за надворешни работи веднаш, а најдоцна два дена од денот на распишувањето на изборите до ДКП доставува известување за објавување на јавен повик во најмалку еден национален весник на половина страница, во соодветната земја за јавниот увид и пријавување за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија.

(5) Барање за запишување, дополнување или бришење на податоците во посебните изводи од Избирачкиот список за времетраење на јавниот увид можат да поднесат до ДКП државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со пријавено последно живеалиште во Република Македонија.

(6) Од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на јавниот увид државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство можат да достават пријава своерачно потпишана со која се евидентираат за гласање на претстојните избори и ја доставуваат на ДКП.

(7) Поднесоците од ставовите (5) и (6) на овој член, ДКП сукцесивно, а најдоцна во рок од два дена по завршувањето на јавниот увид, ги доставуваат до Министерството за надворешни работи, а Министерството за надворешни работи веднаш ги доставува до Државната изборна комисија, а најдоцна во рок од два дена од денот на приемот."

Член 29

Во членот 51 став (1) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

Во ставот (2) зборовите: „жалба до Државната изборна комисија" се заменуваат со зборовите: „тужба до Управниот суд".

Во ставот (3) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „Државната изборна комисија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Ставовите (4) и (5) се бришат.

Во ставот (6) кој станува став (4) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Член 30

Во членот 52 зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија".

Член 31

Во членот 53 став (2) зборовите: „Министерството за правда" се бришат, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: „Управниот суд".

Ставот (3) се брише.

Член 32

Членот 54 се брише.

Член 33

Во членот 55 став (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", по зборот "законик" точката се брише и се додаваат зборовите "во рок од десет дена", а на крајот на реченицата точката се брише и се додаваат зборовите: "и изводите од Избирачкиот список за гласање во ДКП".

Член 34

Во членот 60 став (3) зборот "лого" се заменува со зборот "симболот".

Член 35

Во членот 61 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Кога подносител на листа на кандидати за пратеници е група избирачи од изборните единици за гласање во странство потребно е да се соберат најмалку 200 потписи од запишаните избирачи во изводот од Избирачкиот список за тие изборни единици пред службените лица на ДКП на образец пропишан од Државната изборна комисија."

Член 36

Во членот 63 став (1) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", а зборовите: „пропишан од Државната изборна комисија" се бришат.

Во ставот (2) зборовите: „Министерството за правда" се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија", а зборот „петнаесеттиот" се заменува со зборот „десеттиот".

Член 37

Во членот 64 став (3) по зборот "професија" се става запирка, сврзникот "и" се брише, а по зборот "граѓанинот" точката се брише и се додаваат зборовите: " и изјава за припадност на одредена заедница".

Член 38

Во членот 65 став (5) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и писмена изјава заверена кај нотар во согласност со закон дека не соработувал со органите на државната безбедност".

Член 39

Во членот 67 став (5) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „надлежниот апелационен" се заменуваат со зборот "Управниот".

Во ставот (6) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба", а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "Управниот суд".

Ставот (7) се менува и гласи:

„Управниот суд е должен да донесе одлука во рок од 24 часа од приемот на тужбата."

Во ставот (8) зборот "жалба" се заменува со зборот "тужба".

Член 40

Во членот 69 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Државната изборна комисија преку Министерството за надворешни работи во рок од 48 часа ќе ги достави до ДКП утврдените единствени листи заради јавно објавување."

Ставовите (3), (4) и (5) стануваат ставови (4), (5) и (6).

Член 41

Во членот 71 став (1) по зборовите: „Организаторот на изборната кампања" се додаваат зборовите: „во банка во Република Македонија".

Член 42

Во членот 74 став (1) по зборот "кампања" се става запирка и се додаваат зборовите: „јавно собирање и други јавни настани организирани од страна на организаторот на кампањата, јавно истакнување на плакати, изборно медиумско претставување, дистрибуирање на печатени материјали".

Ставовите (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(2) Советот за радиодифузија е должен да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

(3) Советот за радиодифузија е должен, по утврдувањето на неправилностите, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од овој законик, за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржувањето на изборите."

Член 43

Членот 75 се менува и гласи:

„(1) Советот за радиодифузија донесува Правилник за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања и го објавува во „Службен весник на Република Македонија“.

(2) Со Правилникот од ставот (1) на овој член се определува должината на траењето на изборното претставување, начинот на рекламирање и условите за користење на програмското време, односно просторот во радиодифузерите за претставување на кандидатите и нивните програми.

(3) За време на изборната кампања радиодифузерите што одлучиле да ги покриваат изборите можат да емитуваат 25% дополнително време за рекламирање од дневно емитуваното време за емитување платена политичка програма, односно 25% или 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час притоа најмногу две третини од 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час за еден учесник во изборната кампања.

(4) Радиодифузерите се должни да го почитуваат Правилникот од ставот (1) на овој член за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување.

(5) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни во рок од пет дена од денот на распишувањето на изборите во согласност со Правилникот од ставот (1) на овој член, да утврдат ценовник за рекламирање на изборните програми и на кандидатите.

(6) Печатените медиуми се должни ценовникот од ставот (5) на овој член да го достават до Државната изборна комисија и Државниот завод за ревизија, а радиодифузерите и до Советот за радиодифузија.

(7) Државната изборна комисија е должна ценовникот од ставот (4) на овој член да го објави во рок од 24 часа по добивањето на ценовникот.

(8) Цените за рекламирање на изборните програми и на кандидатите кои ќе ги утврди радиодифузерот, односно печатениот медиум во Република Македонија мора да бидат еднакви за сите организатори на изборна кампања.

(9) Радиодифузерите во Република Македонија се должни под еднакви услови на нивните програми да обезбедат рамноправен пристап во претставувањето на изборните програми на кандидатите.”

Член 44

Членот 76 се менува и гласи:

„(1) Радиодифузерите не смеат да емитуваат платено политичко рекламирање во информативно-политичките програми за време на изборната кампања.

(2) Радиодифузерите и печатените медиуми се должни кога објавуваат платено политичко рекламирање, да наведат дека се работи за платен оглас.

(3) Јавниот радиодифузен сервис е должен без надоместок во соработка со Државната изборна комисија да ги информираат граѓаните за начинот и техниката на гласањето.”

Член 45

Во членот 83 став (1) по алинејата 6 се додава нова алинеја 7, која гласи:

„- средства од неидентификувани извори”.

Во ставот ( 2) се додава нова алинеја 1, која гласи:

„- членарината на политичката партија,”.

Алинеите 1 и 2 стануваат алинеи 2 и 3.

По ставот (2) се додаваат три нови става (3), (4) и (5), кои гласат:

„(3) Изборната кампања може да се финансира од донации од физички и правни лица во вид на пари, ствари и услуги чија вредност не смее да го надмине износот утврден со ставот (2) алинеи 2 и 3 на овој член, освен за донациите утврдени во членот 83-а ставови (1) алинеја 3, (3) и (5).

(4) Ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во ставот (2) алинеи 2 и 3 од овој член организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.

(5) Ако не може да се утврди потеклото на донацијата организаторот на изборната кампања е должен во рок од пет дена од денот на добивањето на донацијата донираната вредност да ја префрли во Буџетот на Република Македонија.“

Член 46

По членот 83 се додаваат два нови члена 83-а и 83-б, кои гласат:

„Член 83-а

(1) Како донација од членот 83 на овој закон се смета и:

- давањето бесплатни услуги на организаторот на изборната кампања,

- давањето услуги на организаторот на изборната кампања за кои плаќа трето лице и

- продажба на стоки или давање на услуги на организаторот на изборната кампања по цени пониски од пазарните.

(2) Продавачот на стоката, односно давателот на услугата е должен да го извести организаторот на изборната кампања за пазарната цена на продадената стока, односно извршената услуга и за тоа му доставува фактура.

(3) Разликата меѓу пазарната вредност и платената вредност се смета за донација.

(4) Јавните претпријатија се должни да понудат еднакви цени за своите услуги кон сите учесници на кампањата преку официјални ценовници.

(5) Радиодифузерите и печатените медиуми попустите во цените кои ги даваат за политичко рекламирање на учесниците во изборната кампања се сметаат за донација изразена во парична вредност.

Член 83-б

(1) Организаторот на изборната кампања за време на изборната кампања води регистар на донации со следниве податоци:

- името, односно називот на секој донатор поединечно,

- видот и вредноста на донацијата и

- датумот на добивање на донацијата.

(2) Регистарот на донации се води на образец пропишан со правилник што го донесува министерот за финансии, во кој се утврдуваат формата, содржината и начинот на водењето на регистарот на донации.“

Член 47

Во членот 84 износот “60 денари” се заменува со износот “180 денари”.

Член 48

По членот 84 се додава нов член 84-а, кој гласи:

„Член 84-а

Од денот на донесувањето на одлука за распишување на изборите се до денот на завршувањето на изборите, државните органи и органите на општините и на градот Скопје не смеат да објавуваат реклами финансирани од Буџетот на Република Македонија, односно од буџетите на општините и на градот Скопје .”

Член 49

Во членот 85 ставовите (1), (2) и (3) се менуваат и гласат:

„(1) Организаторот на изборната кампања е должен веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена по денот на завршувањето на изборната кампања да поднесе вкупен финансиски извештај за изборната кампања.

(2) Финансискиот извештај за изборната кампања се поднесува на образецот од членот 83-б став (2) на овој закон.

(3) Финансискиот извештај се доставува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија, Државната комисија за спречување на корупцијата и Собранието на Република Македонија, а за локалните избори и до советот на општината и Советот на градот Скопје.”

Ставот (5) се брише.

Ставовите (6) и (7) стануваат ставови (5) и (6).

Ставот (7) кој станува став (6) се менува и гласи:

„(6) Државниот завод за ревизија доколку утврди неправилности во финансискиот извештај на организаторот на изборната кампања, ќе ги извести надлежните органи заради поведување на соодветна постапка.“

Член 50

По членот 85 се додаваат два нови члена 85-а и 85-б, кои гласат:

„Член 85-а

(1) Радиодифузерите и печатените медиуми во Република Македонија се должни да поднесат извештај за рекламниот простор искористен од секој од организаторите на изборната кампања и средствата кои се платени или се побаруваат по таа основа.

(2) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува најдоцна 15 дена по денот на завршување на изборната кампања.

(3) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува до Државната изборна комисија, Државниот завод за ревизија и до Државната комисија за спречување на корупцијата, кои се должни да го објават на своите интернет страници.

(4) Извештајот од ставот (1) на овој член се поднесува на образец пропишан од министерот за финансии.

Член 85-б

Ревизорските извештаи од извршената ревизија на финансиските извештаи на организаторите на изборната кампања Државниот завод за ревизија ги објавува на својата веб страница во рокот утврден со закон.”

Член 51

Во членот 87 став (1) бројот “7“ во заградата се заменува со бројот “6“.

Ставот (2) се брише.

Член 52

Во членот 91 по ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Државната изборна комисија изборниот материјал за гласање во ДКП го предава на овластено лице во Министерството за надворешни работи најдоцна десет дена пред денот на одржување на изборите.

(3) Министерството за надворешни работи изборниот материјал на ДКП го доставува веднаш по приемот.”

Ставот (2) станува став (4).

Член 53

Во членот 95 став (1) алинеја 1 запирката се брише и се додаваат зборовите: ”за гласањето во Република Македонија”.

По алинејата 1 се додава нова алинеја 2, која гласи:

„- назив на гласачкото ливче, седиштето на ДКП за гласање во странство,”.

Алинеите 2 и 3 стануваат алинеи 3 и 4.

Во ставот (2) по зборот ”општината” се додаваат зборовите: ”односно седиштето на ДКП”.

Член 54

Во членот 101 став (1) точката на крајот на реченицата се брише, се става запирка и се додаваат зборовите: ”а во ДКП се почитува временската разлика во земјата, односно од 7,00 до 19,00 часот согласно со сметањето на времето во соодветната земја”.

Член 55

Во членот 104 ставот (6) се брише.

Ставот (7) станува став (6).

Член 56

Во членот 105 по ставот (4) се додава нов став (5), кој гласи:

„(5) Претставниците на подносителите на листите и овластените домашни набљудувачи можат од непосредна близина да го следат утврдувањето на идентитетот на избирачот кој пристапува на гласање.“

Член 57

Во членот 106 по зборот ”одбори” се става запирка и се додаваат зборовите: “односно избирачките одбори за гласање во ДКП”.

Член 58

Во членот 107 став (1) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: ”и во ДКП”.

Член 59

Во членот 110 зборовите: „на гласачкото ливче преклопено пред да го стави во кутијата за гласање, избирачкиот одбор на задната страна му става печат“ се заменуваат со зборовите: „гласачкото ливче преклопено го става во кутијата за гласање“.

Член 60

По членот 113 се додава нов член 113-а, кој гласи:

„Член 113-а

(1) Избирачите кои на денот на гласањето се на привремена работа или престој во странство гласаат во ДКП еден ден пред денот на одржувањето на изборите во Република Македонија.

(2) Државната изборна комисија е должна веднаш по добивањето на изборниот материјал да го достави на ДКП преку Министерството за надворешни работи.

(3) За избирачите од ставот (1) на овој член изборите ги спроведуваат избирачките одбори за гласање во ДКП.

(4) Избирачките одбори за гласање во ДКП составуваат записници.

(5) Гласачките ливчиња се ставаат во посебни коверти на кои е назначено седиштето на ДКП и изборната единица и се запечатуваат.

(6) Записниците, запечатените коверти и другиот изборен материјал по завршувањето на гласањето избирачките одбори преку Министерството за надворешни работи ги доставуваат до Државната изборна комисија.

(7) Државната изборна комисија врши сумирање и утврдување на резултатите од гласањето во странство.“

Член 61

Во членот 121 ставот (3) се брише.

Член 62

Членот 129 се брише.

Член 63

Во членот 138 зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

Член 64

Во членот 141 став (2) зборот „жалба” се заменува со зборот „тужба”, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”.

Во ставот (3) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”, а зборот „жалбата” се заменува со зборот „тужбата”.

Во ставот (4) зборот „жалбата” се заменува со зборот „тужбата”.

Член 65

Во членот 146 став (1) зборовите: „Министерството за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

Член 66

Во членот 147 по ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

„(5) Приговорите се поднесуваат во писмена форма и ги содржат следниве елементи:

- место, време, опис на направената повреда, сторителот и доказите на кои подносителот се повикува и

- име, презиме и потпис на подносителот на приговорот, односно на овластениот претставник.

(6) Приговорите можат да се поднесуваат и на посебни обрасци, пропишани од страна на Државната изборна комисија, објавени во “Службен весник на Република Македонија“ и на интернет страницата на Државната изборна комисија.”

Член 67

Во членот 148 став (1) по зборовите: “Државната изборна комисија“ се става точка, а останатиот текст до крајот на реченицата се брише.

Во ставот (2) точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „односно објавување на првичните резултати“.

Ставот (3) се менува и гласи:

„Државната изборна комисија е должна во рок од 48 часа по приемот на приговорот да донесе одлука.“

Во ставот (4) зборовите: “општинската изборна комисија и градската изборна комисија “ се бришат, во ставовите (4) и (5) зборот “жалба” се заменува со зборот “тужба”, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Управниот суд“.

Член 68

Во членот 149 став (1) зборовите: “а за локалните избори до градската изборна комисија или општинската изборна комисија“ се бришат.

Во ставот (3) зборот „жалба” се заменува со зборот “тужба”, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”.

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) Ако одлуката од ставот (2) на овој член се однесува на одредено дејствие на избирачкиот одбор, а процесот на гласање е во тек, на избирачот ќе му се овозможи остварување на избирачкото право.“

Член 69

Во насловот пред членот 150 зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Управниот суд“.

Член 70

Во членот 150 став (1) зборовите: “Врховниот суд на Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: “Управниот суд“, зборот „жалбите“ се заменува со зборот „тужбите“, а точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: “на јавна седница“.

Во ставот (2) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”, а зборот „жалбата” се заменува со зборот „тужбата”.

Во ставот (3) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”.

Во ставот (4) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”, а зборот „жалбата” се заменува со зборот „тужбата”.

Член 71

Во членот 151 став (1) првата реченица се менува и гласи: “Државната изборна комисија по службена должност, или по поднесен приговор, со решение го поништува гласањето на гласачкото место во следниве случаи, ако:”.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Државната изборна комисија во случаите од ставот (1) алинеи 1, 2, 5 и 6 на овој член, при одлучување по приговори ако фактите на кои се упатува во нив се внесени во записникот, е должна да изврши увид во целокупниот изборен материјал.”

Во ставовите (2) и (3) зборовите: “градска, односно општинска“ се бришат.

Ставовите (2), (3), (4) и (5) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Во ставот (4) кој станува став (5) зборот „жалба” се заменува со зборот „тужба”, а зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”.

Во ставот (5) кој станува став (6) зборовите: „Врховниот суд на Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Управниот суд”, а зборот „жалба” се заменува со зборот „тужба”.

Член 72

Во членот 164 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Во ДКП на Република Македонија за гласање во странство се определуваат посебни избирачки места.”

Член 73

Во членот 165 ставот (1) се менува и гласи:

„Бројот на избирачите кои гласаат на избирачкото место се определува на начин со кој се овозможува гласањето да се одвива непречено во времето определено за гласање.“

Ставот (2) се брише.

Во ставот (3) кој станува став (2) точката на крајот од реченицата се брише и се додаваат зборовите: “и во ДКП каде има пријавено помалку од десет избирачи за гласање”.

Член 74

Во членот 166 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Правилото утврдено во ставот (1) на овој член не се применува за избирачките места во ДКП.”

Член 75

Во членот 167 зборовите: „Министерството за правда„ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“, а по зборовите: “во соработка со” се додаваат зборовите: “Министерството за надворешни работи”.

Член 76

Во членот 168 став (1) зборовите: „Министерот за правда“ се заменуваат со зборовите: „Државната изборна комисија“.

Ставот (2) се брише.

Член 77

Во членот 169 став (2) зборовите: „Министерот за правда“ се заменуваат со зборовите: „ Државната изборна комисија“.

Член 78

Во членот 174 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Изборните единици за гласање во странство ги сочинуваат избирачките места, односно ДКП во рамките на изборната единица каде што граѓаните го остваруваат избирачкото право согласно со овој законик.”

Член 79

Во членот 175 став (1) зборот ”шест” се заменува со зборот “девет”.

По ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За спроведување на гласањето за избор на тројца пратеници се утврдуваат три изборни единици, и тоа:

- Изборна единица број 7 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Европа и Африка со избирачките места, односно ДКП во тие земји,
- Изборна единица број 8 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Северна и Јужна Америка со избирачките места, односно ДКП во тие земји и
- Изборна единица број 9 за гласање на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во Австралија и Азија со избирачките места, односно ДКП во тие земји.”

Член 80

Насловот на Главата XIV се менува и гласи: “КАЗНИ И ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ”.

Член 81

Во членот 178 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) За кривичните дела од ставот (1) на овој член постапката е итна”.

Член 82

Во членот 179 став (1) зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Во ставот (2) зборовите: “со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на”.

Член 83

Во членот 180 став (1) зборовите: “Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: “Глоба од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршокот од ставот (1) на овој член ќе се изрече и на кандидат или друго физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.”

Член 84

Во членот 181 зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок“ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

По ставот (1) се додаваат два нови става (2) и (3), кои гласат:

„(2) Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на правното лице ако не го почитува рокот за започнување и завршување на изборната кампања (член 74 став (1)).

(3) Глоба во износ од 5.000 до 7.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на радиодифузерот ако не ги почитува одредбите на овој законик за време на изборната кампања, за време на изборниот молк и на денот на одржување на изборите (член 74 став (3)).“

Член 85

Во членот 182 став (1) зборовите: “Со парична казна од 200.000 денари до 300.000 денари ќе се казни јавно гласило“ се заменуваат со зборовите: „Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на радиодифузерот“.

Во алинејата 1 бројот „(1) “се заменува со бројот „(8)“.

Алинејата 2 се менува и гласи:

„- ако не го почитува Правилникот за правилата за рамноправен пристап во медиумското претставување или не го утври и достави до надлежниот орган ценовникот од членот 75 ставови (4) и (5),“.

Во ставот (2) зборовите: “Со парична казна од 20.000 денари до 50.000 денари ќе се казни за прекршок и“ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече и на“.

Член 86

Во членот 183 зборовите: “Со парична казна од 20.000 денари до 50.000 денари” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Член 87

Во членот 184 зборовите: “Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност ќе се изрече на”.

Член 88

Во членот 185 зборовите: “Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни“ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 2.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Член 89

Во членот 186 зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Член 90

Во членот 187 зборовите: “Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 3.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече на“.

Член 91

Во членот 188 зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 300 до 800 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на”.

Член 92

Во членот 189 ставови (1) и (2) зборовите: “Со парична казна од 200.000 до 300.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Во ставот (3) зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни и“ се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на”.

Член 93

Во членот 190 зборовите: “Со парична казна од 20.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 300 до 1.000 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на”.

Член 94

Во членот 191 ставови (1) и (2) зборовите: “Со парична казна од 40.000 до 50.000 денари ќе се казни за прекршок и” се заменуваат со зборовите: “Глоба во износ од 500 до 1.500 евра во денарска противвредност за прекршок ќе се изрече на“.

Член 95

Во членовите 18 став (2), 21 ставови (2) и (5), 23 ставови (2) и (3), 31 став (2) точки 1, 7 и 14, 34, 35, 36 и 37, 39 ставови (1) и (2), 40 ставови (2) точка 6 и (3), 66 став (3), 67 ставови (1), (2), (3), (4) и (5), 68 став (3), 69 ставови (3) и (4), 102 став (3), 111 ставови (1) и (6), 113 став (3), 117 ставови (4) и (6), 118 ставови (1), (2) и (4), 135 став (1), 155 ставови (2) и (3), 157 став (1) и 170 став (1) по зборовите: “општинска изборна комисија “ се додаваат зборовите: “односно Изборната комисија на градот Скопје“.

Член 96

Државната изборна комисија ќе се избере во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Државната изборна комисија продолжува со работа до изборот на Државната изборна комисија согласно со овој закон.

Член 97

Надлежностите на Министерството за правда кои согласно со одредбите на овој закон преминуваат во надлежност на Државната изборна комисија, Министерството за правда продолжува да ги врши најдоцна до 1 септември 2009 година.

Член 98

Државната изборна комисија во соработка со Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги започнат активностите за евидентирање и пријавување на државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство.

Член 99

За државјаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство, гласањето за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, како и за избор на претседател на Република Македонија согласно со овој закон ќе се спроведува по 1 септември 2009 година.

Член 100

Подзаконските акти утврдени со овој закон ќе се донесат во рок од три месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 101

Собранието на Република Македонија во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе формира координативно тело за спроведување на активностите за преземање на Избирачкиот список од Министерството за правда во Државната изборна комисија со членови од Министерството за правда, Државната изборна комисија и Државниот завод за статистика на предлог на Владата на Република Македонија.

Во координативното тело по еден член ќе се избере од редот на пратеничките групи во опозиција и по еден член од редот на пратеничките групи на власт застапени во Собранието на Република Македонија.

Координативното тело за спроведување на активностите од ставот 1 на овој член ќе донесе програма и акционен план со кој ќе ги утврди роковите за спроведување на работите поврзани со пренесувањето на надлежностите, но најдоцна до 1 септември 2009 година.

Државниот завод за статистика ќе продолжи да ја врши организационо-техничката и методолошката обработка на податоците од Избирачкиот список до 1 септември 2009 година, односно до предавањето на Државната изборна комисија.

Член 102

Вработените во подрачните одделенија на Министерството за правда кои вршат работи и задачи поврзани со евиденција на избирачкото право продолжуваат со работа во Државната изборна комисија.

Член 103

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Изборниот законик.

Член 104

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

---

## L I G J
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E KODIT ZGJEDHOR

Neni 1

Në Kodin zgjedhor ("Gazeta zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 40/2006), në nenin 2 pas pikës 15 shtohen dy pika të reja 16 dhe 17 si vijojnë:

"16. "Përfaqësi diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë" janë përfaqësitë e Republikës së Maqedonisë në shtetet dhe në organizatat e tjera ndërkombëtare që bëjnë punë të përcaktuara me ligj;

17. "Shtetas të Republikës së Maqedonisë me punë ose me qëndrim të përkohshëm në vende të huaja" në kuptim të këtij ligji janë shtetasit e Republikës së Maqedonisë që kanë paraqitur vendbanimin e fundit në Republikën e Maqedonisë, ndërsa në ditën e zgjedhjeve qëndrojnë përkohësisht në vendet e huaja në kohë prej tre muajsh deri në një vit ose janë me punë ose qëndrim të përkohshëm në vendet e huaja më shumë se një vit në pajtim me evidencën e organit kompetent".

Pikat 16 dhe 17 bëhen pika 18 dhe 19.

Neni 2

Në nenin 4 paragrafët (1) dhe (2) ndryshojnë si vijojnë:

"(1) Zgjedhja e Presidentit të Republikës së Maqedonisë bëhet në territorin e Republikës së Maqedonisë dhe në përfaqësitë diplomatike-konsullore të Republikës së Maqedonisë në Evropë e Afrikë, në Amerikën e Veriut dhe të Jugut e në Australi e Azi, si një njësi zgjedhore sipas modelit të shumicës.

(2) Në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë zgjidhen 123 deputetë, prej të cilëve 120 deputetë zgjidhjen sipas modelit proporcional, me ç'rast territori i Republikës së Maqedonisë është i ndarë në gjashtë njësi zgjedhore të caktuara me këtë kod dhe në secilën njësi zgjidhen nga 20 deputetë dhe 3 deputetë zgjidhen sipas modelit proporcional, edhe atë nga një deputet prej tri njësive zgjedhore në Evropë e Afrikë, në Amerikën e Veriut e të Jugut dhe në Australi e Azi të përcaktuar me këtë kod zgjedhor".

Pas paragrafit (2), shtohet paragraf i ri (3) si vijon:

(3) Në njësitë zgjedhore numri i zgjedhësve mund të ndryshojë më së shumti prej minus 5% deri në plus 5% në raport me numrin mesatar të zgjedhësve në njësinë zgjedhore me përjashtim në njësitë zgjedhore në Evropë e Afrikë, në Amerikën e Veriut dhe të Jugut dhe në Australi e Azi".

Paragrafët (3) dhe (4), bëhen paragrafë (4) dhe (5).

Neni 3

Në nenin 6 shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

Образецот од став 1 на овој член го содржи следниот текст: (штембил на здравствената установа); Изјава за одбивање на определена медицинска интервенција, врз основа на член 14 став 3 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08); I. Основни податоци за пациентот; 1.Име и презиме; 2.Датум и место на раѓање; 3.Медицинско досие бр.; II. Податоци за медицинската интервенција; 4.Краток опис на медицинската интервенција; III. Изјава за одбивање на медицинската интервенција од точка II.4, 5.Изјавувам, под полна и чиста свест и разбирање за медицинската интервенција опишана во точка II 4, а врз основа на потполна информација за очекуваните позитивни резултати и можните компликации од интервенцијата, дадена од страна на здравствениот работник потпишан на оваа изјава и без присила, дека одбивам да се изврши медицинската интервенција од точка II.4; IV. Изјава на здравствениот работник за последиците по здравјето на пациентот во случај на одбивање на медицинската интервенција од точка II.4; Здравствен работник; Пациент; Во; (здравствена установа); На; (датум); (М.П. на З.У).

Член 4

Обрасците од членовите 2 и 3 од овој правилник се негов составен дел.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-15507/1
27 октомври 2008 година
Скопје

Министер за здравство,
д-р **Бујар Османи**, с.р.

**Прилог бр. 1**

______________________________
(штембил на здравствената установа)

# ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ

## НА ОПРЕДЕЛЕНА МЕДИЦИНСКА ИНТЕРВЕНЦИЈА

врз основа на член 14 став 3 од Законот за заштита на правата на пациентите („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08)

**I. Основни податоци за пациентот**

1. Име и презиме ______________________________________________
2. Датум и место на раѓање ______________________________________
3. Медицинско досие бр.__________________________________________

**II. Податоци за медицинската интервенција**

4. Краток опис на медицинската интервенција

______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

**III. Изјава за согласност за медицинската интервенција од точка II.4**

5. Изјавувам , под полна и чиста свест и разбирање за медицинската интервенција опишана во точка II.4, а врз основа на потполна информација за очекуваните позитивни резултати и можните компликации од интервенцијата, дадена од страна на здравствениот работник потпишан на оваа изјава и без присила, дека **се согласувам** да се изврши медицинската интервенција од точка II.4.

| **Здравствен работник** | **Пациент** |
| --- | --- |
| ______________________ | ______________________ |

Во ______________________
(здравствена установа)
На______________________
(датум)

(М.П. на З.У.)

**Прилог бр. 2**

______________________________
(штембил на здравствената установа)

# ИЗЈАВА ЗА ОДБИВАЊЕ

**НА ОПРЕДЕЛЕНА МЕДИЦИНСКА ИНТЕРВЕНЦИЈА**
врз основа на член 14 став 3 од Законот за заштита на правата на пациентите
(„Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/08)

**I. Основни податоци за пациентот**

1. Име и презиме ____________________________________________
2. Датум и место на раѓање ____________________________________
3. Медицинско досие бр.______________________________________

**II. Податоци за медицинската интервенција**

4. Краток опис на медицинската интервенција

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

**III. Изјава за одбивање на медицинската интервенција од точка II.4**

5. Изјавувам , под полна и чиста свест и разбирање за медицинската интервенција опишана во точка II.4, а врз основа на потполна информација за очекуваните позитивни резултати и можните компликации од интервенцијата, дадена од страна на здравствениот работник потпишан на оваа изјава и без присила, дека **одбивам** да се изврши медицинската интервенција од точка II.4.

**IV.Изјава на здравствениот работник за последиците по здравјето на пациентот во случај на одбивање на медицинската интервенција од точка II.4**

___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________
___________________________________________________________________

| Здравствен работник | Пациент |
| --- | --- |
| ______________________ | ______________________ |

Во ______________________
(здравствена установа)
На______________________
(датум)

(М.П. на З.У.)

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**2675.**

Врз основа на член 25 став (2) од Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија” бр.87/2007), министерот за труд и социјална политика донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ПРИМЕНА НА МЕРКИ НА ПОМОШ И ЗАШТИТА НА ДЕЦА И МАЛОЛЕТНИЦИ ВО РИЗИК

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишува формата и содржината и начинот на водење на регистарот за примена на мерките на помош и заштита на деца и малолетници во ризик (во натамошниот текст: „регистар”).

Член 2

(1) Регистарот е со големина 42цм x 30цм.

(2) Регистарот е книга со листови поврзани со корица од тврда хартија во зелена боја. Листовите во регистарот се поврзани со конец.

Член 3

(1) На корицата на регистарот во средината на горниот дел е отпечатен текстот: „Министерство за труд и социјална политика”, во средината: „РЕГИСТАР”, а под него: „за примена на мерки на помош и заштита за деца и малолетници во ризик”.

Член 4

(1) Регистарот го води службено лице во Министерството за труд и социјална политика (во натамошниот текст: „службено лице”).

(2) Пред почетокот на водење на регистарот на првата страна во десниот долен агол службеното лице го внесува и заверува вкупниот број на страниците на регистарот.

(3) Службеното лице во регистарот ги внесува следниве податоци: реден број; име, татково име и презиме на детето/малолетното лице; датум на раѓање (ден, месец, година); датуми на упис (ден, месец, година), I, II, II, IV; име на центарот за социјална работа; податоци за применети мерки на помош и заштита од страна на центарот за социјална работа (шифра), I, II, II, IV; датум на бришење (ден, месец, година) и забелешка.

Член 5

(1) Регистарот е даден во Прилог бр. 1 на овој правилник и е негов составен дел.

(2) Податоците за примена на мерки на помош и заштита се бележат преку шифри, хронолошки, според редослед на нивното примање во Министерството за труд и социјална политика.

(3) Составен дел на овој регистар е и шифрарник на мерки на помош и заштита, пропишани со позитивните законски прописи.

Член 6

(1) Центарот за социјална работа на секои три месеци доставува податоци за применетите мерки на помош и заштита до Министерството за труд и социјална политика.

Член 7

(1) Регистарот се заклучува секоја година со забелешка за редниот број на последниот упис, при што редниот број и годината се пишуваат со бројки и букви.

(2) Заверката ја прави службеното лице со ставање на свој потпис и печат на Министерството за труд и социјална политика.

Член 8

(1) Регистарот е од доверлив карактер и има ознака на класифицирана информација.

(2) Податоците од овој регистар се достапни само на овластени органи и лица.

Член 9

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

октомври 2008 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Џељаљ Бајрами**, с.р.

Прилог бр. 1

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# РЕГИСТАР
## за примена на мерки на помош и заштита на деца и малолетници во ризик

| Реден број | Име, татково име и презиме на детето/малолетното лице | Датум на раѓање (ден, месец, година) | Датуми на упис (ден, месец, година) | | | | Име на центарот за социјална работа | Податоци за применети мерки на помош и заштита од страна на центарот за социјална работа (шифра) | | | | Датум на бришење (ден, месец, година) | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | I | II | III | IV | | I | II | III | IV | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | |

Страна бр. ________

# МЕРКИ НА ПОМОШ И ЗАШТИТА НА ДЕЦА И МАЛОЛЕТНИЦИ ВО РИЗИК ПРИМЕНЛИВИ ВО СИСТЕМОТ НА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

| **Услуга** | **шифра** |
|---|---|
| ***ЗАКОН ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА*** | |
| ***Социјална превенција*** | |
| Социјална превенција (едукативно-советувалишна работа, развивање на форми на самопомош, волонтерска работа со лично ангажирање и без надоместок) | 1101 |
| **Вонинституционална заштита** | |
| Прва социјална услуга на корисници на социјална заштита (воочување на проблемот, укажување на можните решенија, услуги и средства, како и мрежа на установи за давање на услуги) | 1201 |
| Помош на поединец (форми на стручна, советодавна или советувалишна работа, со која се овозможува стекнување на потребни информации, оспособување за самостојно одлучување, зачувување и развој на социјалните потенцијали) | 1202 |
| Помош на семејство (стручна помош на членовите на семејството да ја надминат семејната криза во брачните односи, особено во односите родители - деца, како и оспособување на тоа семејство да ги остварува своите функции во секојдневниот живот, заштита од семејно и друг вид насилство) | 1203 |
| Сместување во специјализирано згрижувачко семејство на дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално-необезбедено) | 1206 |
| Сместување во специјализирано згрижувачко семејство на дете со нарушено општествено поведение | 1207 |
| Обезбедување на нужно сместување на дете и малолетник во ризик | 2001 |
| Обезбедување на соодветна здравствена заштита | 2002 |
| Обезбедување на соодветна психо-социјална интервенција и третман | 2003 |
| Упатување во соодветно советувалиште | 2004 |
| Помош за продолжување на редовното или вонредното школување | 2005 |
| Помош за доврошување на стручно оспобување | 3906 |
| Помош при вработување | 3905 |
| Известување до органот за прогон | 2006 |
| Давање секаков вид на правна помош и застапување | 2007 |
| Преземање други мерки за кои се оценило дека се неопходни за решавање на проблемот | 2009 |
| ***Теренска работа*** | |
| Увид во домот | 4001 |
| Интервенции во училиштето | 4003 |

| | |
|---|---|
| Интервенции во здравството | 4004 |
| Интервенции во локалната заедница | 4005 |
| Соработка со НВО | 4201 |
| Други облици за помош и заштита | 3908 |
| ***Обезбедување на лична документација*** | |
| Лична карта | 4101 |
| Извод од матична книга на родени | 4102 |
| Извод од матична книга на венчани | 4103 |
| Извод од матична книга на умрени | 4104 |
| Здравствена легитимација | 4105 |
| Државјанство | 4106 |
| Ученичка книшка | 4107 |
| Патна исправа | 4108 |
| Други потребни документи | 4109 |
| ***Дневно и привремено згрижување како помош на поединец и семејство, упатување во:*** | |
| Центар за лица - жртви на семејно насилство | 1306 |
| Центар за лица бездомници | 1305 |
| Дневен центар за улични деца-деца на улица | 1302 |
| Дневен центар за лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанци | 1303 |
| Дневен центар за лица со интелектуална или телесна попреченост | 1307 |
| ***Институционална заштита*** | |
| ***Сместување во установа за социјална заштита:*** | |
| ЈУ Детски Дом „11 Октомври" - Скопје | 1402 |
| ЈУ за згрижување деца со воспитно социјални проблеми - Скопје | 1404 |
| ЈУ за згрижување, воспитување и образование на деца и младинци „Ранка Милановиќ" - Скопје | 1405 |
| ЈУ за рехабилитација на деца и младинци - Скопје | 1407 |
| ЈУ за заштита и рехабилитација Бања Банско - Струмица | 1408 |
| Приватна установа за сместување деца и младинци без родители и родителска грижа СОС Детско Село | 1413 |
| Мал групен дом | 1414 |
| ***Други упатувања*** | |
| Упатување во интернат | 1503 |
| Упатување во воспитно-едукативна установа | 1504 |
| ***Право на социјална помош*** | |
| Постојана парична помош на лица неспособни за работа и социјално необезбедени | 1601 |
| Право на здравствена заштита (на лица сместени во згрижувачко семејство и во установа за социјална заштита, како и на лице кое до 18 години имало статус на дете без родители и родителска грижа) | 1604 |
| Еднократна парична помош | 1606 |
| Помош во натура | 1607 |

| | |
|---|---|
| Право на домување (социјално загрозени лица, станбено необезбедени или лица без родители или родителска грижа до 18 годишна возраст односно и по престанувањето на старателството, а најмногу до 26 годишна возраст) | 1608 |
| Парична помош на лице кое до 18 години возраст имало статус на дете без родители и родителска грижа, до 26 годишна возраст | 1614 |
| Детски додаток | 1609 |
| Посебен додаток | 1610 |
| Партиципација за сместување во установи за социјална заштита | 1612 |
| Одмор и рекреација за деца | 1613 |
| **ЗАКОН ЗА СЕМЕЈСТВО** | |
| *Склучување на брак* | |
| Давање на стручна помош во постапката на склучување брак на малолетно лице со напонети 16 години возраст | 1701 |
| ***Засновање на односи меѓу родители и деца*** | |
| Покренување постапка за утврдување на татковство, доколку мајката вршејќи го родителското право ги занемарува интересите на детето и не покренала постапка за утврдување на татковство | 1801 |
| Давање одобрение за оспорување на татковство на старателот на брачниот другар на мајката кој е лишен или ја изгубил деловната способност, пред истекот на рокот за оспорување на татковство | 1802 |
| ***Вршење на родителско право*** | |
| Уредување на вршење на родителско право (кога родителите не се согласуваат во вршењето на родителското право) | 1901 |
| Уредување на начинот на одржување на лични односи и непосредни контакти на децата со родителите | 1902 |
| ***Надзор над вршењето на родителското право (преземање посебни мерки заради заштита на личноста, правата и интересите на детето)*** | 1903 |
| Ги предупредува родителите на недостатоците во воспитание и развој на детето | 1904 |
| Упатување во здравствена установа | 1905 |
| Дадено мислење до суд за доверување на дете | 1906 |
| Барање за измена на судската одлука за доделување на детето поради изменети околности | 1907 |
| Вршење постојан надзор над вршењето на родителското право во поглед на сите деца или само во поглед на некое од нив | 1908 |
| Донесување решение за одземање на детето од едниот и доверување на чување и воспитание на другиот родител, на некое друго лице или на соодветна установа | 1909 |
| Преземање мерки за обезбедување на имотот на родителите со судска дозвола за заштита на интересите на детето | 1910 |
| Ограничување на правото за одржување на лични односи и непосредни контакти | 1911 |
| Забранување на правото за одржување на лични односи и непосредни контакти | 1912 |

| | |
|---|---|
| Поведена постапка за одземање на родителско право (поради злоупотреба или грубо занемарување на вршењето на родителските права и должности) | 1913 |
| Поднесување на предлог за враќање на родителското право | 1915 |
| Уредување на престанок на вршењето на родителското право | 1916 |
| Уредување на продолжување на вршењето на родителското право (ако детето и по полнолетство поради пречки во психичкиот развој не е способно да се грижи за својата личност, права и интереси) | 1917 |
| ***Нарушени односи и насилство во бракот и семејството*** | |
| Обезбедување нужно сместување на лицето - жртва на насилство, (кое може да трае најмногу шест месеца со можност за продолжување за уште шест месеца) | 2001 |
| Изречена забрана на еден од родителите да се заканува дека ќе стори семејно насилство | 2010 |
| Изречена забрана на еден од родителите да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира, или на друг начин комуницира со член од семејството, директно или индиректно | 2011 |
| Изречена забрана на еден од родителите да се приближува до живеалиштето, училиштето, работното место или определено место кое редовно го посетува друг член на семејството | 2012 |
| Отстранување од домот на еден од родителите без оглед на сопственоста, до донесување на конечна одлука од надлежен суд | 2013 |
| Изречена забрана на еден од родителите да поседува огнено оружје или истото да му биде одземено | 2014 |
| Изречено задолжение на еден од родителите да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството | 2015 |
| Изречено задолжително издржување на семејството од страна на еден од родителите | 2016 |
| Изречено задолжително лекување на еден од родителите, доколку е корисник на алкохол и други психотропни супстанции или има некое заболување | 2017 |
| Надоместување на медицинските и другите трошоци од страна на еден од родителите настанати од семејно насилство | 2018 |
| Изречена било која друга мерка која судот ќе ја смета за неопходна за да се обезбеди сигурност и добросостојба на другите членови на семејството | 2019 |
| Поднесено барање за изречување на привремена мерка за заштита од семејно насилство до судот за малолетници и деловно неспособни лица секогаш кога родителот, старателот или законскиот застапник тоа нема да го сторат, само со согласност на жртвата на семејно насилство | 2020 |
| Поднесено барање за продолжување на мерката за заштита од семејно насилство | 2021 |
| Поднесен предлог до надлежниот суд за укинување на предложената мерка и пред истекот на рокот за кој е изречена мерката, доколку е оценето дека истата ја постигнала целта за која била изречена | 2122 |

| | |
|---|---|
| Поднесен предлог за измена на изречена мерка или за нејзино продолжување, доколку е оценето дека изречената мерка е несоодветна или дека ќе ги постигне бараните резултати, но дека за тоа е потребно истата да трае подолг временски период | 2123 |
| ***Посвојување*** | |
| Уредување на засновање на посвојување | 2107 |
| Адаптивен период | 2108 |
| Уредување на престанок на непотполно посвојување | 2109 |
| ***Старателство*** | |
| Поведена постапка за ставање под старателство | 2201 |
| Поставен старател (утврден обемот на овластувања на старателот, како и правата и правните интереси на лицето под старателство) | 2202 |
| Разрешување на старател | 2203 |
| Попис и проценка, како и други мерки на обезбедување на имотот на лицето под старателство | 2204 |
| Застапување на лицето под старателство во правни дела во кои како друга странка учествува брачниот другар или близок роднина на старателот | 2205 |
| Старателство над малолетни лица (дете без родителска грижа) | 2206 |
| Старателство над имот на малолетно лице (дете без родителска грижа) | 2207 |
| ***Издржување*** | |
| Поведен спор за издржување, односно за зголемување на издржувањето, кога родителот кај кој се наоѓа детето на чување и воспитание, без оправдани причини, не го користи тоа право - во име на малолетно дете | 2301 |
| Поднесен предлог за извршување на досуденото издржување, ако родителот не го бара тоа - во име на малолетно лице | 2302 |
| Настојување родителите да се спогодат за издржувањето на детето, односно за зголемување на придонесот во издржувањето на детето, кога тоа го бараат зголемените потреби на детето или тоа го овозможуваат подобрените материјални прилики на давателот на издржувањето | 2303 |
| ***Постапка во брачни спорови*** | |
| Поведена постапка за мирење на брачни другари кои имаат заеднички малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право | 2401 |
| ЗАКОН ЗА МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА | |
| ***Постапување со дете и малолетник во ризик*** | |
| Покрената постапка од доверлив карактер заради утврдување на фактичките околности на конкретниот настан или состојба на ризик, по повикување на детето, односно помладиот или постариот малолетник во ризик и неговото семејство | 2603 |

| | |
|---|---|
| Реализирана постапка за посредување и порамнување | 3201 |
| Привремено сместување /претстојувалиште | 4002 |
| Известување до надлежниот судија за малолетници дека семејството или старателот не ја спроведуваат програмата на центарот | 2604 |
| ***Давање согласност за малолетно лице*** | |
| Дадена согласност за добивање патна исправа за малолетно лице/малолетни лица | 4110 |
| Дадена согласност за патување на малолетно лице/малолетни лица во странство | 4111 |
| Дадена согласност за иселување во странство на малолетно лице/малолетни лица | 4112 |
| ***Постапување по конвенции за заштита на децата*** | |
| Постапување по барање за враќање на дете | 4114 |
| Постапување по барање за уредување на лични односи и непосредни контакти | 4115 |
| Постапување по барање за остварување алиментационо побарување | 4116 |

**2676.**

Врз основа на член 18 став (6) од Законот за малолетничка правда („Службен весник на Република Македонија” бр.87/2007), министерот за труд и социјална политика донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ПРИМЕНИ ИЗВЕСТУВАЊА ЗА ДЕЦА И МАЛОЛЕТНИЦИ ВО РИЗИК

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината како и начинот на водење на регистарот за примени известувања за деца и малолетници во ризик (во натамошниот текст: „регистар”).

Член 2

(1) Во регистарот се регистрираат известувањата кои се бележат хронолошки, според редослед на нивното примање во центарот за социјална работа (во натамошниот текст: „центар”).

(2) Регистарот се води од страна на специјализирано одделение или стручен тим за малолетничка правда во центарот (во натамошниот текст: „одделение односно стручен тим”).

(3) Известувањата се поднесуваат до центарот усно или во писмена форма.

(4) За известувањата што се доставуваат непосредно, врз основа на сопствени сознанија, телефонски или усно, стручниот работник во центарот (во натамошниот текст: „стручен работник”), составува службена белешка која ја доставува до одделението односно стручниот тим.

Член 3

(1) Регистарот е со големина 50цм х 30цм.

(2) Регистарот е книга со листови поврзани со корица од тврда хартија во темно црвена боја. Листовите во регистарот се поврзани со конец.

(3) Пред почетокот на водење на регистарот на првата страна во десниот долен агол се забележува вкупниот број на страници и се заверува од овластеното лице кое го обележува и бројот на страницата на регистарот.

(4) Регистарот е даден во Прилог бр.1 на овој правилник и е негов составен дел.

Член 4

(1) На корицата на регистарот во средината на горниот дел е отпечатен текстот: „Министерство за труд и социјална политика”, во средината: „РЕГИСТАР”, под него: „за примени известувања за деца и малолетници во ризик”, а под него празно место во кое се внесува името на центарот за социјална работа.

Член 5

Службеното лице во регистарот ги внесува следните податоци: реден број; датум на упис (ден, месец и година); подносител на известувањето; име, татково име и презиме на детето/малолетникот; датум и место на раѓање на детето/малолетникот; адреса на живеалиште/ престојувалиште на детето/малолетникот; пол; националност; државјанство; податоци за мајката (име, презиме, адреса); податоци за таткото (име, презиме, адреса); податоци за старателот (име, презиме, адреса); податоци за згрижувачот (име, презиме, адреса); име и адреса на установата, име на училиштето; дете/ малолетник со асоцијално поведение; дете/малолетник сторител на кривично дело или прекршок (до 14 години/над 14години) и забелешка.

Член 6

(1) Регистарот се заклучува секоја година со забелешка за редниот број на последниот упис, при што редниот број и годината се пишуваат со бројки и букви.

(2) Заверката ја прави службеното лице со ставање на свој потпис и печат на центарот.

Член 7

(1) Регистарот е од доверлив карактер и има ознака на класифицирана информација.

(2) Податоците од овој регистар се достапни само на државните органи и лица кои се вклучени во различни фази на постапување со малолетникот.

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

октомври 2008 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Џељаљ Бајрами**, с.р.

Прилог бр.1

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

# Р Е Г И С Т А Р

за примени известувања за деца и малолетници во ризик

______________________________________________

(име на центарот за социјална работа)

| Реден број | Датум на упис (ден, месец и година) | Подносител на известувањето | Име, татково име и презиме на детето/малолетникот | Датум и место на раѓање на детето/малолетникот | Адреса на живеалиште/ престојувалиште на детето/малолетникот | Пол | Националност | Државјанство | Податоци за мајката (име, презиме, адреса) | Податоци за таткото (име, презиме, адреса) | Податоци за старателот (име, презиме, адреса | Податоци за згрижувачот (име, презиме, адреса ) | Име и адреса на установата | Име на училиштето | Дете/малолетник со асоцијално поведение | Дете / малолетник сторител на кривично дело или прекршок | | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | до 14 години | над 14 години | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Страна бр.________

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ**

**2677.**

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во Правилникот за висината на надоместокот, начинот на издавање, одземање и продолжување на лиценци за надзор над изградбата, формата и содржината на образецот на лиценците и начинот на водење на регистарот на издадени лиценци за надзор над изградбата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 134/08), направена е техничка грешка, поради што се дава

**И С П Р А В К А**
**НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ, НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ, ОДЗЕМАЊЕ И ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ ЗА НАДЗОР НАД ИЗГРАДБАТА, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦИТЕ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИ ЛИЦЕНЦИ ЗА НАДЗОР НАД ИЗГРАДБАТА**

Во Прилог 2 во насловот на Лиценца Б наместо зборот „ПРВА“ треба да стои зборот „ВТОРА“.

Во Прилог 3 во насловот на Лиценца Ц наместо зборот „ПРВА“ треба да стои зборот „ТРЕТА“.

Во Прилог 4 во насловот на Лиценца Д наместо зборот „ПРВА“ треба да стојат зборовите: „ЧЕТВРТА И ПЕТТА“.

Бр. 01-12899
30 октомври 2008 година — Министер,
Скопје — **Миле Јанакиески,** с.р.

---

**КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

**2678.**

Врз основа на член 132 став 1 точка 1, член 194 став 1 и 5 и член 207 став 1 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ” бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 16-10-2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за работа на брокерската куќа „КБЦ Секјуритис” АД Скопје издадена со решение на Комисијата за хартии од вредност број 07-949/8 од 21-05-2007 година, за вршење на услугите во врска со хартии од вредност.

2. Одземањето на дозволата од точка 1 од ова решение се врши поради настанување на променети околности во работењето на брокерската куќа „КБЦ Секјуритис” АД Скопје, односно поради барање на брокерската куќа за поведување на ликвидациона постапка, врз основа на одлука донесена за престанок со работа на друштвото на собранието на акционери на брокерската куќа „КБЦ Секјуритис” АД Скопје.

3. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ Македонската берза АД Скопје и Централниот депозитар за хартии од вредност АД Скопје веднаш по приемот на ова решение да ја исклучат од членство брокерската куќа „КБЦ Секјуритис” АД Скопје.

4. Жалбата не го одлага извршувањето на решението.

5. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на РМ”.

Бр. 08-3900/8 — Комисија за хартии од вредност
16 октомври 2008 година — Претседател,
Скопје — **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**2679.**

Врз основа на член 132 став 1, точка 1 и точка 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ” број 95/2005, 25/2007, 7/2008), Комисијата за хартии од вредност, на седницата одржана на ден 16-10-2008 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. СЕ УТВРДУВА дека се исполнети условите за отварање на ликвидација на брокерската куќа „КБЦ Секјуритис” АД Скопје со седиште на улица „Македонија” бр. 11/1-2, поради донесена Одлука на Собрание на акционери „КБЦ Секјуритис“ АД за престанок на брокерската куќа и поради трајно одземање на дозволата за вршење на сите работи со хартии од вредност за кои има добиено дозвола од Комисијата за хартии од вредност.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

3. Ова решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-3900/12 — Комисија за хартии од вредност
16 октомври 2008 година — Претседател,
Скопје — **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

**2680.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 222 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/2005 и бр. 110/2008), претседателот на Комисијата за хартии од вредност, на ден 22.10.2008 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

1. Во целиот текст на решението на Комисијата за хартии од вредност број 08-3900/8 од 16.10.2008 година во било кој род зборовите: „КБЦ Секјуритис АД Скопје” се заменуваат со зборовите: „КБЦ Секјуритис Скопје АД Скопје”.

2. Овој заклучок произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство решението на Комисијата за хартии од вредност број 08-3900/8 од 16.10.2008 година што се исправа.

3. Овој заклучок ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3900/15 — Комисија за хартии од вредност
22 октомври 2008 година — Претседател,
Скопје — **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

**2681.**

Врз основа на член 1 став 2 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 95/2005, 25/2007 и 7/2008), а во врска со член 222 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/2005 и бр. 110/2008), претседателот на Комисијата за хартии од вредност, на ден 22.10.2008 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

1. Во целиот текст на решението на Комисијата за хартии од вредност број 08-3900/12 од 16.10.2008 година во било кој род зборовите: „КБЦ Секјуритис АД Скопје” се заменуваат со зборовите: „КБЦ Секјуритис Скопје АД Скопје”.

2. Овој заклучок произведува правно дејство од денот од кој произведува правно дејство решението на Комисијата за хартии од вредност број 08-3900/12 од 16.10.2008 година што се исправа.

3. Овој заклучок ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 07-3900/16 Комисија за хартии од вредност
22 октомври 2008 година Претседател,
Скопје **Марина Наќева-Кавракова,** с.р.

---

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**2682.**

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Мал Габер – Општина Карбинци.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 5-тиот ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Мал Габер, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на СРМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-15552/1
29 октомври 2008 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски,** с.р.

---

## РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**2683.**

Врз основа на член 19 алинеја 6 и член 22 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/06, 63/07 и 106/08), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 29.10.2008 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ТАРИФНИ СТАВОВИ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА И МОЌНОСТ НА ТАРИФНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ ПРИКЛУЧЕНИ НА ДИСТРИБУТИВНАТА МРЕЖА

1. Одлуката за одобрување на тарифни ставови за снабдување со електрична енергија и моќност на тарифните потрошувачи приклучени на дистрибутивната мрежа објавена во („Службен весник на Република Македонија“ бр. 30/07), престанува да важи.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 02-1812/1
29 октомври 2008 година Претседател,
Скопје **Славе Ивановски,** с.р.

---

**2684.**

## И С П Р А В К А

Во Одлуката за одобрување на регулиран максимален приход и цена за дејностите дистрибуција и управување со системот за дистрибуција и снабдување со електрична енергија за 2008 година и просечна цена на електрична енергија по која ЕВН ќе ги снабдува тарифните потрошувачи на мало за период од 01 ноември до 31 декември 2008 година објавена во „Службен весник на РМ“ бр. 135/2008 направена е техничка грешка во точка 2 наместо: „да изнесува 0,9466 ден/kWh „треба да стои: „да изнесува 0,9446 ден/кWh“.

Бр. 03-1811/1
29 октомври 2008 година Претседател,
Скопје **Славе Ивановски,** с.р.

---

## ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

**2685.**

Врз основа на член 50-б ставови 6 и 7 од Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/05 и 103/08), директорот на Дирекција за заштита на личните податоци донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕДИНСТВЕНА ЕВИДЕНЦИЈА НА ПРЕКРШОЦИТЕ, ИЗРЕЧЕНИТЕ САНКЦИИ И ДОНЕСЕНИТЕ ОДЛУКИ ВО ПРЕКРШОЧНА ПОСТАПКА, КАКО И НАЧИНОТ НА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ КОИ СЕ СОДРЖАНИ ВО ЕВИДЕНЦИЈАТА

### I. Општа одредба

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка (во натамошниот текст: прекршочна евиденција), како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата.

**II. Начин на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка**

Член 2

Прекршочната евиденција се води електронски на посебни обрасци и тоа:

- Образец бр. 1 за евиденција на прекршочните предмети за физички лица -контролори/обработувачи, кој е составен дел на овој правилник;
- Образец бр. 2 за евиденција на прекршочните предмети за правни лица - контролори/обработувачи, кој е составен дел на овој правилник;
- Образец бр. 3 за евиденција на прекршочните предмети за одговорно лице во правно лице или службено лице во државен орган, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот бр. 1 за евиденција на прекршочните предмети за физички лица - контролори/обработувачи, содржи: реден број; број и датум на прием на предметот; поднесен од физичко лице/инспектор за заштита на личните податоци; податоци за сторителот на прекршокот - име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење; за физичко лице - странец и бројот на патната исправа; начин на обработка на личните податоци - контролор/обработувач; правен основ; прекин на постапката; отфрлање на барањето; запирање на постапката; број и датум на решение; изречена прекршочна санкција – глоба; трошоци на прекршочната постапка; датум на наплата - глоба, трошоци; датум на доставување за извршување; број и датум на доставување на тужба од управен суд; број и датум на доставување на одговор на тужба до управен суд и забелешка.

Образецот бр. 2 за евиденција на прекршочните предмети за правни лица - контролори/обработувачи, содржи: реден број; број и датум на прием на предметот; поднесен од физичко лице/инспектор за заштита на личните податоци; податоци за правното лице - назив, ЕДБ, МБ, седиште; начин на обработка на личните податоци - контролор/обработувач; правен основ; прекин на постапката; отфрлање на барањето; запирање на постапката; број и датум на решение; изречена прекршочна санкција - глоба; трошоци на прекршочната постапка; датум на наплата - глоба, трошоци; датум на доставување за извршување; број и датум на доставување на тужба од управен суд; број и датум на доставување на одговор на тужба до управен суд и забелешка.

Образецот бр. 3 за евиденција на прекршочните предмети за одговорно лице во правно лице или службено лице во државен орган, содржи: реден број; број и датум на прием на предметот; поднесен од физичко лице/инспектор за заштита на личните податоци; податоци за одговорното лице во правно лице, односно службеното лице во државен орган - име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и назив и седиште на правното лице каде е вработено, односно назив и седиште на државниот орган каде е вработено; за одговорно лице во правно лице- странец и бројот на патната исправа; начин на обработка на личните податоци - контролор/обработувач; правен основ; прекин на постапката; отфрлање на барањето; запирање на постапката; број и датум на решение; изречена прекршочна санкција - глоба; трошоци на прекршочната постапка; датум на наплата - глоба, трошоци; датум на доставување за извршување; број и датум на доставување на тужба од управен суд; број и датум на доставување на одговор на тужба до управен суд и забелешка.

**III. Начин на пристап до информации кои се содржани во прекршочната евиденција**

Член 4

Секое физичко лице, одговорно лице во правно лице или службено лице во државен орган и правно лице може да поднесе барање до Комисијата за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна комисија) за добивање на информации од прекршочната евиденција што таа за него ги води.

Информации од прекршочната евиденција, Прекршочната комисија може да дава само по образложено барање и на други државни органи, правни или физички лица кои имаат правен интерес.

Член 5

Барањето за добивање на информации од прекршочната евиденција се доставува до Прекршочната комисија.

Барањето од ставот 1 на овој член особено содржи: за физичко лице (име и презиме, место и датум на раѓање, адреса на живеење, за странец и бројот на патната исправа); за правно лице (назив и седиште); за одговорното лице во правното лице или службеното лице во државниот орган (име и презиме и работно место/функција што ја врши во правното лице, односно државниот орган, а за странец и бројот на патната исправа), како и правен интерес за добивање на информации од прекршочната евиденција.

Прекршочната комисија на барањето од став 1 од овој член доставува одговор во рок од осум дена од денот на приемот на барањето.

Ако Прекршочната комисија утврди дека барањето за давање на податоци од прекршочната евиденција е непотполно или нејасно, во разумен рок ќе го повика подносителот, истото да го дополни односно објасни.

Ако подносителот не постапи согласно ставот 4 од овој член, Прекршочната комисија ќе смета дека подносителот се откажал од барањето и таквото барање ќе го отфрли.

**IV.Завршна одредба**

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 28 февруари 2009 година.

Бр. 01-1112/1
28 октомври 2008 година
Скопје

Директор,
**Маријана Марушиќ**, с.р.

**Образец бр.1**

# ЕВИДЕНЦИЈА
## на прекршочните предмети за физички лица – контролори/обработувачи

| Реден број | Број и датум на прием на предметот | Поднесен од физичко лице или инспектор за заштита на личните податоци | Податоци за сторителот на прекршокот | | | Податоци за странец | | Начин на обработка на личните податоци | | П равен основ | Прекин на постапката | Отфрлање на барањето | Запирање на постапката | Број и датум на решение | Прекршочна санкција Глоба | Трошоци на прекршочната постапка | Датум на наплата | | Датум на доставување за извршување | Број и датум на прием на тужба од Управен суд | Број и датум на доставување на одговор на тужба до Управен суд | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | 1 | | | 1а | | | | | | | | | | | | | | | | |
| | | | Име и презиме | ЕМБГ | Адреса на живеење | Број на патна исправа | | Контролори | Обработувачи | | | | | | | | Глоба | Трошоци | | | | |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | 21. | 22. | 23. |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**Образец бр.2**

## ЕВИДЕНЦИЈА
### на прекршочните предмети за правни лица – контролори/обработувачи

| Реден број | Број и датум на прием на предметот | Поднесен од физичко лице или инспектор за заштита на личните податоци | Податоци за сторителот на прекршокот | | | | Начин на обработка на личните податоци | | П равен основ | Прекин на постапката | Отфрлање на барањето | Запирање на постапката | Број и датум на решение | Прекршочна санкција - Глоба | Трошоци на прекршочната постапка | Датум на наплата | | Датум на доставување за извршување | Број и датум на прием на тужба од Управен суд | Број и датум на доставување на одговор на тужба до Управен суд | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Назив | ЕДБ | МБ | Седиште | Контролор | Обработувач | | | | | | | | Глоба | Трошоци | | | | |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | 21. | 22. |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

Образец бр.3

**ЕВИДЕНЦИЈА**
**на прекршочните предмети за одговорно лице во правно лице/службено лице во државен орган**

| Реден број | Број и датум на прием на предметот | Поднесен од физичко лице или писменото за заштита на личните податоци | Податоци за сторителот на прекршокот (1) | | | | Податоци за странец (1а) | Начин на обработка на личните податоци | | Правен основ | Предмет на постапката | Отфрлање на барањето | Запирање на постапката | Број и датум на решение | Прекршочна санкција - Глоба | Трошоци на прекршочната постапка | Датум на наплата | | Датум на доставување за извршување | Број и датум на прием на тужба од Управен суд | Број и датум на доставување на одговор на тужба до Управен суд | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Име и презиме | ЕМБГ | Адреса на живеење | Назив и седиштето каде е вработен | Број на патна исправа | Контролор | Обработувач | | | | | | | | Глоба | Трошоци | | | | |
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. | 8. | 9. | 10. | 11. | 12. | 13. | 14. | 15. | 16. | 17. | 18. | 19. | 20. | 21. | 22. | 23. |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

**2686.**

## ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ - СКОПЈЕ

## П Р О Г Р А М А
## ЗА ПОЛАГАЊЕ СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА СТЕКНУВАЊЕ СО СЕРТИФИКАТ ЗА РАКОВОДЕЊЕ СО ТУРИСТИЧКА АГЕНЦИЈА

## МЕНАЏМЕНТ НА ТУРИСТИЧКИ АГЕНЦИИ

### Опис на предметот

Основната намена на предметот Менаџмент на туристичките агенции е да се запознаат кандидатите кои сакаат да се стекнат со сертификат за раководење со туристичките агенции во Република Македонија со: основните карактеристики за настанокот и развојот на туристичките агенции, местото и улогата на агенциите на туристичкиот пазар, услужните програми и исполнување на условите за работа на туристичките агенции, потребните ресурси за изведување работни операции во агенциското работење, деловните партнери на туристичките агенции, посредничкото работење на туристичките агенции, организирање на работниот процес во туристичките агенции, видови и дејности при создавање на туристички аранжмани, одредување на целите на туристичките аранжмани, продажба на туристичките аранжмани, изведување и пресметка на туристичките аранжмани, одговорност на туристичките агенции и заштита на потрошувачите, здружување на туристичките агенции, прилагодување на туристичките агенции кон промените на туристичкиот пазар и перспективи за развој на туристичките агенции.

### Цели на наставата

По завршување на наставата кандидатите кои сакаат да се стекнат со сертификат за раководење со туристичките агенции во Република Македонија треба да бидат оспособени за:

- да се запознаат со улогата на туристичките агенции на туристичкиот пазар;
- да ги осознаат потребните ресурси за извршување на работните операции во агенциската дејност;
- да можат заеднички да делуваат со деловните партнери во извршувањето на зацртаните планови;
- да бидат организатори во туристичките агенции;
- да можат да создаваат туристички аранжмани, да одредуваат цени, да ги знаат работните операции при продажба на туристичките аранжмани, истите да ги изведат и сметководствено да ги подготват, притоа водејќи сметка за заштита на потрошувачите;
- да бидат запознаени со можноста за здружување на туристичките агенции;

- да ги согледаат и да ги следат промените на туристичкиот пазар и можностите за прилагодување кон нив и
- да можат да ги следат развојните перспективи на туристичките агенции во светот.

МЕНАЏМЕНТ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

**Опис на предметот**

Основната намена на предметот Менаџмент на човечките ресурси е да се запознааат кандидатите кои сакаат да се стекнат со сертификат за раководење со туристичките агенции во Република Македонија со: основните поими од областа на управувањето со човечките ресурси, и тоа поконкретно со суштината на анализа на работата, значењето на анализата на работата, односот на анализата и нејзините „продукти", методите за спроведување на анализа на работата, описот на работното место и работната спецификација, конкретните методи за анализа на работата: работна изведба, набљудување, интервју, критични точки, структурен прашалник, метод на водење дневник, прашалник за анализа на работата. Кандидатите исто така подетално ќе се запознаат со: планирањето на кадрите, планирањето како менаџерска и работна функција, врската на планирањето на кадрите и стратегиското планирање, предвидувањето на потребите од кадри, моделите за предвидување, анализата на работата како база за планирање, менаџмент на остварувањето, организациско остварување, индивидуално остварување.

**Цели на наставата**

По завршување на наставата кандидатите кои сакаат да се стекнат со сертификат за раководење со туристичките агенции во Република Македонија треба да бидат оспособени за:
- да ги осознаат основните поими на менаџментот на човечките ресурси;
- да ги сфатат принципите на анализа на работата;
- да ги сфатат принципите на планирањето на работата;
- да можат да ги применат најновите достигнувања од областа на менаџмент на човечките ресурси;
- да ја спознаат важноста од адекватна примена на менаџментот на човечките ресурси.

МАРКЕТИНГ ВО ТУРИЗМОТ

**Опис на предметот**

Намерата на наставата по предметот Маркетинг во туризмот е да се запознаат кандидатите кои сакаат да се стекнат со сертификат за раководење со туристичките агенции во Република Македонија со: основите на маркетингот, теоријата на маркетингот, постанокот и развојот на маркетингот, четирите П односно петте П, основни поими, карактеристики, разлики во работењето и давање на услуги од областа на туризмот, развојот и значењето на маркетингот во туризмот, човековите ресурси, простори и процеси на давањето на туристичката услуга во туризмот, методи на планирањето на маркетингот, примената на маркетинг концепцијата во туристичката индустрија, процесот на маркетинг истражувањето на туристичкиот пазар, со што ќе можат да донесуваат правилни маркетинг одлуки.

**Цели на наставата**

По завршувањето на наставата кандидатите кои сакаат да се стекнат со сертификат за раководење со туристичките агенции во Република Македонија треба да бидат оспособени да:
- ги осознаат основните елементи на маркетингот;
- го сфатат постанокот, развојот и теоријата на маркетингот;
- знаат да работат со четирите, односно петте П;
- знаат кои се основните поими, карактеристиките, разликите во работењето и давањето на услуги од областа на туризмот;
- сфатат што е тоа туристички производ;
- ја применуваат маркетинг концепцијата во туристичката индустрија.

Напомена: Факултетот за туризам во Скопје стручниот испит за стекнување со сертификат за раководење со туристичка агенција ќе го спроведува само за кандидати кои имаат завршено високо образование.

Бр. 03-282/1 Декан,
27 октомври 2008 година проф. д-р **Аце Миленковски**, с.р.
Скопје

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефони: +389-2-3298-860, 3290-471, 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2008 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2008136